09 - 1201/9
15 -11- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10 - та седница, одржана на ден 08.11.2024 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-4866/1 од 12.10.2023 година, оформен по поднесена анонимна електронска пријава против лицето __________, член на Управен одбор на ___________________" Скопје , **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат и поради промена на фактичката состојба нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4866/1 од 12.10.2023 година, е оформен по поднесена пријава од непознат подносител со наводи дека лицето _________ е директор на Јавната установа ______________________ врши и друга функција член на Управен одбор на ЈП „______________. На ден 06.11.2024 година е поднесена електронска пријава со истите наводи за истото лице ___________ со број 09-4866/2.

Имено, ДКСК изврши проверка на поднесениот Образец-Изјава за интереси број 09-2719/1 од 18.05.2023 година, доставен од страна на лицето _________, после именување од страна на Министерството за _____________ за вршење на функцијата директор на Јавната установа ___________________________, како и проверка во поднесениот Образец-Анкетен лист бр. 08-3796/1 од 31.01.2022 година доставен од истото лице после именување на функцијата член на Управниот одбор на ЈП „_________________.

Исто така, ДКСК изврши проверка во Централниот регисар на РСМ во Историјатот на промени на Јавната установа __________________, по што утврди дека со акт-Решение бр.03-3325/3 од 19.04.2023 година е именувано истото лице за вршење на функцијата директор на Јавната установа ____________________, од страна на Министерството за ___________________.

При проверка во електронскиот Службен гласник на Град Скопје бр. _________ година, ДКСК утврди дека е објавена Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „_________________ година, донесена од страна на _______________.

После утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека наведеното е предвидено како прекршок на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 105 став (1) алинеја 1 од истиот закон, по што согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците, ДКСК спроведе постапка за порамнување против лицето _______________, со доставување на Записник за констатиран прекршок бр. 09-4866/4 од 11.12.2023 година и издаде Прекршочен платен налог бр. 09-4866/5 од 11.12.2023 година.

ДКСК за констатираното до горепоменатото лице достави Известување со доставување на Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог број 09-4866/3 од 11.12.2023 година со кое му се укажа дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето да ја отстрани констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на функцијата директор на Јавната установа __________________________ или
2. Да се откаже од извршување на функцијата член на Управниот одбор на ЈП _______________.

ДКСК немаше добиено повратница од доставените акти до лицето ___________ и се обрати со Побарувачен лист број 09-1201/1 од 21.03.2024 година до Македонски пошти за известување за врачување на книжена пратка, по што беше вратен Побарувачкиот лист со бр. 09-1201/2 од 19.04.2024 година и беше доставено Решение на Побарувачкиот лист од кој се утврди дека пратката е врачена на ден 19.12.2023 година, со тоа ќе се смета дека прекршочниот платен налог уредно е примен и во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот сторителот не постапи.

Согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците, доколку сторителот не ја плати глобата во определениот рок, овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочниот орган.

Понатаму ДКСК достави Барање за поведување на прекршочна постапка бр.09-1201/3 од 09.05.2024 година до Државната комисија за спречување на корупција - Прекршочна комисија.

Со допис Известување бр.09-1201/4 од 05.06.2024 година именуваниот достави доказ Извод на промет и состојба на сметка дека глобата за сторениот прекршок ја има уплатено на 08.03.2024 година во износ од 18.486,00 денари.

ДКСК со допис Откажување од барање со бр. 09-1201/5 од 20.06.2024 година се обрати до Прекршочна комисија при ДКСК со кое што ја известува дека се откажува односно го повлекува Барањето за поведување на прекршочна постапка против лицето __________ бидејќи ја има платено глобата во износ од 18.486,00 денари. Од страна на Прекршочна

комисија при ДКСК доставено е Решение бр.09-1201/6 од 28.06.2024 година со кое се запира постапката по барањето за поведување прекршочна постапка.
ДКСК до лицето ________ достави допис Укажување со кое му беше укажано дека констатираната состојба на повреда на забраната за вршење на други дејности, може да се надмине доколку истиот се откаже од извршувањето на една од двете функции: член на Управен одбор на ЈП „____________ или од функцијата директор на Јавната установа ______________________.
Од страна на лицето __________ доставен е допис бр.09-1201/8 од 05.08.2024 година со доказ Решение за разрешување од должноста директор на Јавната установа ______________________ бр. 03-5110/1 од 29.07.2024 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитриевска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: м-р С.Д- член на ДКСК